**ГРАД СКОПЈЕ**
**Бр.** 06-10561/2
18. 10. 2023
**Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 ), а во врска со член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) и член 11 став 1 и член 11-б од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19), Град Скопје, објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.04/2023**

за вработување на работник на неопределено време на следното работно место:

**1. Пожарникар спасител – возач на специјално возило** со шифра **ПОЖ0210В04000** во Територијална противпожарна единица на Градот Скопје – Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ), Сектор за заштита и спасување .......... **1 извршител.**

Кандидатот потребно е да ги исполнува следните услови:

**Општи услови**:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
- ниво на стручни квалификации - IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование;
- со или без работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработувањена Република Македонија како работен стаж.

**Други посебни услови**: возачка дозвола од „Ц“ или „Д“ категорија

**Општи работни компетенции**:
- учење и развој,
- комуникација,
- остварување резултати,
- работење со други/тимска работа и
- ориентираност кон засегнати страни.

Паричниот износ на основната нето плата за работното место Пожарникар спасител – возач на специјално возило изнесува 30.086 денари.

Работното време е во смени/турнуси и тоа - 12 часа работа, 24 часа одмор, 12 часа работа, 48 часа одмор.

**Напомена:** Согласно Годишниот план за вработување во Град Скопје за 2023 година, на објавениот оглас за работно место Пожарникар спасител – возач на специјално возило - 1 извршител треба да се вработи 1 Македонец/ка.

Кандидатите можат да ја преземат **Пријавата за вработување по јавен оглас бр.04/2023** од веб страната на Град Скопје www.skopje.gov.mk или во Архивата на Град Скопје во барака бр.16 на адреса Бул. Илинден бр.82, Скопје.

**Кандидатите се должни покрај пријавата за вработување по јавен оглас бр.04/2023, да ги достават и доказите за исполнување на горенаведените услови во оригинал или копија заверена на нотар и тоа**:

- доказ за државјанство;
- доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;
- доказ за завршен соодветен степен на образование;
- доказ за поседување возачка дозвола од "Ц" или "Д" категорија;
- доказ за здравствена и психофизичка способност утврдено од овластена здравствена установа согласно со закон.
- кандидатот доколку има работно искуство може да достави и доказ за работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Заинтересираните кандидати бараните документи да ги достават во архивата на Град Скопје (барака бр.16) или на адреса бул. Илинден бр. 82 Скопје, во затворен коверт, со назнака - за **ЈАВЕН ОГЛАС бр.04/2023 и реден број и назив на работното место за кое аплицираат**.

Рокот за пријавување изнесува 7 работни дена од денот на објавување на огласот. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на поднесувањето на пријавата.

**Напомена**: Доколку кандидатот во пријавата не доставил податоци за контакт (телефонски број или е-маил адреса) пријавата ќе се отфрли.

**Информација за начинот на спроведување на постапката за селекција на кандидати за вработување:**

Фаза 1: проверка на пријава и докази - се спроведува во рок од 8 дена од завршувањето на објавениот оглас. Доколку недостасува некој доказ, Комисијата за селекција ќе го контактира кандидатот преку неговата e-mail адреса или телефонскиот број во пријавата и тој во рок од три дена треба да ги комплетира доказите, во спротивно пријавата ќе биде отфрлена. Пријавата се отфрла и доколку доказот/доказите се лажни.

Фаза 2: проверка на физичката способност на кандидатите од страна на Комисија за селекција формирана од Градоначалникот на Град Скопје.

Фаза 3:интервју на селектираните кандидати - се спроведува во рок од 10 дена по спроведената втора фаза од селекцијата.

Фазите на постапката за селекција се детално уредени во Правилникот за критериуми за селекција на кандидати за вработување во Територијалната противпожарна единица на Град Скопје - Бригада за противпожарна заштита, којшто е објавен на веб-страната на Град Скопје (www.skopje.gov.mk).

**Напомена:** Избраниот кандидат по овој оглас има обврска во рок од една година од денот на вработувањето, да се стекне со сертификат за стекната квалификација пожарникар, издаден од институција овластена од Министерството за образование и наука, во спротивно му престанува вработувањето.

**ГРАД СКОПЈЕ**
**Градоначалник**

**Данела Арсовска**